| | |
|---|---|
| Врз основа на чл. 353 ст.1 т.1, член 358, член 383 ст.1 т.2, член 384 ст.2 и член 490 од Законот за трговски друштва и чл. 34 и чл. 44 т. 14 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одборот на Директори без одржување на седница на ден 13.04.2023 година донесе: | Pursuant to Article 353 par. 1 item 1, Article 358, Article 383 par.1 item 2, Article 384 par. 2 and article 490 of the Trade Companies' Law and Articles 34 and 44 item 14 of the Statute of Cementarnica Usje AD Skopje, the Board of Directors without holding a session on 13.04.2023 adopted the following |
| **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**<br>За распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година | **DRAFT DECISION**<br>For profit distribution generated according to the Annual account and Financial Statements for the year 2022 |
| **Член 1**<br>Цементарница Усје АД Скопје оствари добивка за 2022 година во износ од 1.029.331.828,00 денари. | **Article 1**<br>Cementarnica USJE AD Skopje made profit for the year 2022 in the amount of MKD 1.029.331.828,00. |
| Добивката остварена за 2022 година да се распредели за:<br>- Дивиденда на акционерите во износ од 629.461.605,00 денари и<br>- Реинвестирана добивка во износ од 399.870.223,00 денари. | The profit made in 2022 is to be distributed as follows:<br>- Shareholders' dividend in amount of MKD 629.461.605,00 and<br>- Reinvested profit in the amount of MKD 399.870.223,00. |
| Неискористената реинвестирана добивка од 2021 година во износ од 88.235.427,00 денари да се распредели за дивиденда за акционерите. | The unused reinvested profit from the year 2021 in the amount of MKD 88.235.427,00 to be distributed to the shareholders as dividend. |
| Вкупниот износ за распределба на дивиденда на акционерите изнесува 717.697.032,00 денари односно 1.273,00 денари за една акција. | The total amount of shareholders' dividend for distribution is MKD 717.697.032,00 i.e., MKD 1.273,00 per share. |
| **Член 2**<br>Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 30.05.2023 година. | **Article 2**<br>The last day to dividend trading right for the year 2022 shall be 30.05.2023. |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 31.05.2023 година. | The first day for trading without the right to dividend for the year 2022 shall be 31.05.2023. |
| Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 01.06.2023 година. | The registry date based on which the list of dividend-entitled shareholders is distributed is 01.06.2023. |

| | |
|---|---|
| Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2023 година.<br><br>**Член 3**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.<br><br>**Член 4**<br>Предлог Одлуката за распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година да се достави до Собранието на акционери заради донесување.<br><br>Д.Н.<br>- Архива<br>- Сектор за финансии<br>- Правна служба | The payment of the dividend shall be carried out until the 30.09.2023 at the latest.<br><br>**Article 3**<br>This Decision comes into force on the day of its adoption.<br><br>**Article 4**<br>The draft decision for profit distribution according to the Annual account and Financial Statements for the year 2022 is to be sent to the Shareholders assembly for its adoption.<br><br>To be sent to:<br>- Archive<br>- Finance department<br>- Legal Section |

**Одбор на директори/ Board of Directors**
**Претседател/ President**
Јанис Паниарас / Ioannis Paniaras
___________________________